
Украинскиот амбасадор Јуриј Гончарук и академик Томе Серафимовски при закачувањето на орденот за заслуги

# Серафимовски награден за бистата на Шевченко

Скулпторот Томе Серафимовски доби орден за заслуги од Украина за бистата на познатиот поет и демократ

**Катерина Богоева**

На скулпторот, академик Томе Серафимовски вчера амбасадорот на Украина во Македонија, Јуриј Гончарук му врачи орден за заслуги од трет степен, што се смета за една од највисоките, украински државни награди. Награден е за личниот придонес во јакнењето на меѓународниот авторитет на Украина, за популаризацијата на нејзиното историско наследство и современите достигнувања. Серафимовски е автор на бистата на украинскиот поет и демократ Тарас Шевченко, поставена во паркот „Жена борец" во центарот на Скопје. По овој повод, амбасадорот Гончарук потсети дека за Украинците, Шевченко е „ѕвон којшто го пробудил украинскиот народ по многугодишната национална летаргија под власта на руската империја." „Тарас никогаш не бил во Македонија, но неговите идеи за слободата, рамноправноста и словенското братство, не ја одминаа и Вашата благословена земја". Амбасадорот на свеченото доделување на орденот ( на кое присуствува претставници на МАНУ, на МПЦ, на Католичката црква, бизнисмени и политичари), гледа како на приказ на односите на пријателство и соработка меѓу народите на двете држави. Смета дека наградата им припаѓа и на сите кои помогнале во овековечувањето на спомен на генијот на украинскиот народ на македонската почва.

Свеченоста се одвиваше во украинската амбасада, а се совпадна и со одбележувањето на 18 - годишнината од независноста на Украина.

Академик Томе Серафимовски, кому орденот по доделувањето му беше и закачен на градите, изјави дека големото признание на Украина го прима како признание на својата татковина и на македонскиот народ. Откри дека во создавањето на делото се водел од автопортретот на Тарас Шевченко, до кој дошол при проучувањето на неговата биографија.

Од името на Министерството за култура се заблагодари, заменик-министерот Драган Недељковиќ, кој укажа на подготвеноста за понатамошна промовирање на украинската култура во земјава, која се темели на воспоставените добри односи во областа на културата.

„Се надевам дека наскоро ќе имаме можност во Киев или некој друг град во Украина, да поставиме споменик на еден од македонските великани, на Кочо Рацин или пак на Блаже Конески"- рече меѓудругото во своето обраќање, претседателот на МАНУ, академик Старделов, навраќајќи се на континуираната соработка со Академијата на Украина. Доделеното високо признание го смета за круна на соработката, која меѓу другото ја чинат и научните собири што редовно се одржуваат.






Бистата на Тарас Шевченко во паркот „Жена-борец" во центарот на Скопје (горе); од свеченоста одржана во амбасадата на Украина